The European Law Students' Association
REPUBLIC OF MACEDONIA

# ТИ ИМАШ ПРАВО ДА ЗНАЕШ

*Вовед во концептот на слободен пристап до информации од јавен карактер*

*„Secrecy, being an instrument of conspiracy, ought never to be the system of a regular government“.*

## Зошто ни е потребен слободниот пристап до информации од јавен карактер и што претставува овој концепт?

- Слободниот пристап до информации од јавен карактер е едно од основните права кое им припаѓа на граѓаните, со оглед на тоа дека Република Македонија е држава со претставничка демократија. Слободниот пристап до информации од јавен карактер својата основа ја има во Уставот на Република Македонија во член 16 кој вели: **Се гарантира слободниот пристап кон информациите, слободата на примање и пренесување на информации**. Со овој концепт им се овозможува на граѓаните да побараат и да добијат информации од државните институции на централно и на локално ниво, вршејќи контрола над нивната работа, особено во делот на трошењето на буџетските средства.

## Која материја е уредена со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер?

- Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер дава одговор на прашањата какви информации може да се бараат, од кого може да се бараат и на каков начин, но воедно дава и одговор на тоа со какви последици ќе се соочат органите и институциите доколку неосновано одбијат да дадат одговор на поднесеното барање. Овој закон претставува основа за добивање одговор по барањата на граѓаните, овозможувајќи отвореност и транспарентност на институциите кон нив, остварувајќи ја неговата главна цел – информираност на јавноста.

## Што претставува информација од јавен карактер?

- Информација од јавен карактер претставува информација во било која форма која ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно неговите надлежности.

## Кои се иматели на информации од јавен карактер?

- Иматели на информации од јавен карактер се органите на државната власт и другите органи и организации утврдени со закон, единиците на локалната самоуправа, јавните установи и служби, јавните претпријатија, како и правни и физички лица кои вршат јавни овластувања.
- Имателите на информации потребно е редовно да ја водат и ажурираат листата на информации со кои тие располагаат, како и да ги објавуваат на начин достапен до јавноста (огласна табла, веб-страница и др.).
- Секој имател на информации е должен да определи едно или повеќе службени лица за посредување при остварувањето на правото на слободен пристап до неговите информации од јавен карактер. Службеното лице контактира, ги дава потребните информации и му помага на барателот на информации.

## Дали може од институциите да се бара да создадат нова информација врз основа на поднесеното барање за слободен пристап до информации од јавен карактер?

- Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер не предвидува обврска за имателот да создава нови информации наведени во барање за слободен пристап до информации од јавен карактер. Имателот на информации, во функција на остварување на целта на Законот, може да изготви нова информација обработувајќи податоци со кои веќе располага согласно неговите надлежности.

## Дали може да се одобри делумен пристап до некоја информација?

- Во оние случаи кога документот во себе содржи одредени исклучоци од слободниот пристап, може да се одобри пристап во однос на останатиот дел од бараната информација.

## Што претставува исклучок од слободниот пристап до информации од јавен карактер?

- Информација која врз основа на закон е класифицирана како информација со соодветен степен на тајност;
- Лични податоци кои доколку бидат откриени ќе претставуваат повреда на заштитата на личните податоци;
- Информација чие давање би преставувало повреда на доверливоста на даночната постапка;
- Доверливи информации за архивско работење;
- Информации што го загрозуваат правото на интелектуална сопственост;
- Информација стекната или составена за истражна, кривична, прекршочна или граѓанска постапка;
- Информација која се однесува на комерцијални и други економски интереси, а чие откривање ќе има штетни последици во остварувањето на функцијата, и
- Информации во постапка на подготвување.

## Што претставува тестот на штетност?

- Тестот на штетност е задолжителна постапка на имателот на информации од јавен карактер, во случај кога се бара информација што е исклучок од слободниот пристап на информации од јавен карактер, а со која се проверуваат последиците врз интересот кој се заштитува.

## Кој може да поднесе барање за пристап до информација од јавен карактер?

- Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер може да поднесе ***секое физичко и правно лице***, без оглед дали е домашно или странско. Барателот на информацијата не смее да биде дискриминиран по која било основа: полова, верска, национална, расна и слично.

## Во каква форма може да се побара информацијата од јавен карактер?

- Барателот на информацијата има право на пристап до информацијата од јавен карактер преку *увид, фотокопија, препис, во елекронска форма или во друг облик*.

## На кој начин може да се поднесе барањето за слободен пристап до информација од јавен карактер?

- Барањето за слободен пристап до информација од јавен карактер, барателот на информацијата го поднесува *до имателот на информацијата*.
- Информацијата од јавен карактер може да се побара со *писмен поднесок, усно* или *електронски*.

## На кој начин се поднесува писменото барање?

- Писменото барање се поднесува на образец утврден од страна на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер кој имателот на информацијата е дожен да го обезбеди, на обичен лист хартија или по електронски пат. Најважно е барањето да содржи: ознака дека се работи за барање за пристап до информации од јавен карактер, назив на имателот на информацијата, име и презиме на барателот на информацијата, податоци за можниот застапник или полномошник, информацијата со која барателот сака да се запознае и начинот на кој сака да ја добие информацијата.
- Барателот на информацијата го доставува барањето до имателот на информацијата на македонски јазик со кирилично писмо, а доколку барателот на информацијата зборува службен јазик различен од македонскиот, барањето го доставува на службениот јазик и писмо кои ги употребува во согласност со закон.

## Дали постои обврска за барателот да го образложи своето барање за слободен пристап до информации од јавен карактер?

- Исклучително важна карактеристика на слободниот пристап до информации од јавен карактер е фактот што барателот на информацијата не е должен да ги образложи причините поради кои ја бара информацијата, ниту пак да докажува постоење на правен интерес за пристап до конкретната информација. Имателот на информацијата нема право да бара од барателот на информацијата да го образложи своето барање.

## Што се случува доколку органот или институцијата до која е поднесено барање за слободен пристап до информација од јавен карактер не располага со бараната информација?

- Во овој случај постои обврска на органите и институциите да го препратат барањето до оние институции за коишто имаат сознание дека располагаат

со таквата информација и за тоа да го известат барателот. Доколку не знаат кој друг имател ја поседува информацијата, должни се да изготват заклучок за прекинување на постапката, со право на жалба.

## На кој начин се постапува по усното барање за слободен пристап до информации од јавен карактер?

- Во случај кога барателот информацијата ќе ја побара усно, имателот на информацијата е должен *веднаш, а најдоцна во рок од пет дена* на барателот да му овозможи пристап до информацијата на начин на кој тој ќе има доволно време за да се запознае со содржината на информацијата. Ако на барателот на информацијата му биде позитивно одговорено, имателот на информацијата составува службена белешка. Доколку пак имателот на информацијата одговори негативно, или не е во можност веднаш да одговори, како и ако барателот на информацијата има усен или писмен приговор на начинот на запознавање со информацијата, службеното лице за таквото барање изготвува заклучок. Против овој заклучок, барателот има право на жалба до Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер. Во ваквите случаи усното барање се преформулира во писмено и целата натамошна постапка продолжува како по писмено барање.

## На кој начин се постапува по писмените барања за слободен пристап до информации од јавен карактер?

- Имателот на информацијата треба веднаш да одговори по барањето, или најдоцна во рок од триесет дена откако му е поднесено барањето. Информацијата се доставува на начин и во форма наведени во барањето.
- Имателот на информации може позитивно да одговори на барањето, при што изготвува записник, но тој може барањето и делумно или целосно да го одбие, при што донесува решение во кое образложува зошто е одбиено барањето. Ако имателот на информацијата не ја достави информацијата во рок од 30 дена, или не му достави на барателот решение за одбивање на пристапот до бараната информација, се смета дека барањето е одбиено, при што барателот може да поднесе жалба до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.

## Дали постои можност за продолжување на рокот за доставување на информацијата?

- Рокот за доставување на информацијата може да се продолжи до четириесет дена, по барање на имателот на информацијата, за што го известува барателот по писмен пат, најдоцна три дена пред истекот на предвидениот рок (триесет дена). Доколку барателот не биде известен по писмен пат за причините поради кои имателот на информацијата не постапува уредно по барањето, тој може да поднесе жалба до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

## Што доколку е претходно одговорено на барањето?

- Доколку имателот на информацијата претходно позитивно одговорил на вакво или слично барање на истиот барател на информацијата во рок од шест месеци пред денот на приемот на барањето, должен е да го извести за тоа, бидејќи тоа се смета за одговорено барање.

## Уредно постапување по бараната информација

- Доколку имателот на информацијата позитивно одговори на барањето, тој му овозможува на барателот да се запознае со содржината на бараната информација преку увид, препис, фотокопија или електронски запис. Доколку со добиената информација од барателот произлегува и барање за дополнителна информација поврзана со претходното барање, тој поднесува **ново барање**.

## Што можете да направите доколку сметате дека добиената информација не е онаа која сте ја навеле во барањето?

- Во тој случај можете најдоцна во рок од десет дена, со **повторно барање**, да побарате од имателот да ја достави бараната информација. На тоа барање имателот на информацијата треба да постапи во предвидениот рок (десет дена), а доколку не го стори тоа, барателот на информацијата може да поднесе жалба до Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

## Одбивање на барањето

- Имателот на информацијата може во целост или делумно да го одбие барањето со решение.
- Доколку барањето се однесува на информација со која не располага имателот, постапката ќе ја прекине со заклучок во кој ќе го наведе тоа.

## Кои се правата на барателот на информацијата од јавен карактер доколку имателот на истата го одбие барањето?

- Барателот може да го стори следново:

1) Против решението со кое се одбива барањето, да побара заштита во рок од петнаесет дена од денот на приемот на решението со поднесување на жалба до Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер. Комисијата решава по жалбата на барателот во рок од петнаесет дена од денот на приемот на жалбата.
2) Доколку Комисијата не донесе решение по жалбата на барателот, барателот има право да поведе управен спор.
3) Против решението на Комисијата може да се поднесе тужба за поведување управен спор до Управниот суд.

## Колку чини целата постапка за стигнување до посакуваната информација од јавен карактер?

- Увидот во бараната информација е **бесплатен**!
- Кога станува збор за добиениот препис, фотокопија или електронски запис на информацијата, барателот плаќа надоместок во висина на материјалите трошоци (чиј износ го утврдува Владата на Република Македонија по предлог на Министерството за финансии, при што истата се објавува на соодветен начин со цел да биде информиран барателот пред поднесувањето на барањето).
- Доколку барањето се однесува на *информација од поголем обем*, имателот може однапред да побара надоместок за покривање на трошоците.

## Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер и нејзините надлежности

1) Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер е независна, со седиште во Скопје и за својата работа е одговорна пред Собранието на Република Македонија. Комисијата се состои од пет члена, и тоа: Претседател, кој ја застапува, претставува и раководи со работата на Комисијата, заменик на претседателот и тројца членови.

2) Надлежности на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер се:

- Да подготвува и објавува листа на иматели на информации;
- Да се грижи за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер;
- Да соработува со имателите на информации во врска со остварувањето на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер;
- Да презема активности за едукација на имателите на информации за овозможување на правото на барателите за слободен пристап до информациите;
- Да одлучува по жалба против решението и заклучокот со кој е одбиено барањето од страна на имателот на информацијата;
- Да подготвува годишен извештај за својата работа и го доставува до Собранието на Р. М. и
- Да врши други надлежности предвидени со закон.

***ЗАКЛУЧОК:*** Слободниот пристап до информации од јавен карактер претставува значајна алатка на патот кон постигнување на целосна транспарентност и отвореност на институциите кон граѓаните. Преку овој процес институциите ги отвараат своите врати, се отргнува превезот на тајност и затвореност кој не му носи поволности никому, ниту на граѓаните, ниту пак на институциите и власта. Несомнено, самата (не) информираност на граѓаните за нивното право на слободен пристап до информации од јавен карактер директно зависи од активностите кои ги преземаат имателите на информации.

Досега во Република Македонија, слободниот пристап до информации најчесто го користат здруженијата на граѓани за своите цели и истражувања, но она што е навистина значајно за неговото постоење, како и за уште подобар развој на овој метод е барање на информации од страна на граѓаните како поединци – секогаш кога имаат потреба за тоа, слободно и без колебање. На тој начин и институциите ќе ги зајакнат своите капацитети и ќе бидат во можност да понудат подобра услуга, односно побрзо и поефикасно давање на информации.

Иако имателите одговараат на поднесените барања во законски предвидениот рок и го применуваат Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, во некои од одговорите се забележува вешто избегнување на давањето на пристап до саканата информација преку давање нејасна или премногу општа информација. Со самото тоа барателите се соочуваат со тешкотии при добивањето на бараните информации. Од имателите на информации се очекува да бидат што е можно поефикасни и поекспедитивни во однос на поднесените барања, се со цел граѓаните да можат во потполност да го остваруваат своето право.

За дополнителни информации:

**Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер**

Адреса: бул. „Гоце Делчев“ бр.18 (зграда на МРТВ – 14 кат)
1000 Скопје, Република Македонија

Тел/факс: + 389 2 3118 038; + 389 2 3114-695

Интернет страница: www.komspi.mk

Електронска пошта: komspi@komspi.mk

Службени лица за посредување со информации и за давање правна помош на иматели и на баратели на информации од јавен карактер во Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер се:

Јорданка Стојкова – тел/факс 3118-038 и 070 337-491;
Цвета Трајковска - тел/факс 3118-038 и 071 232-857
Цветан Станоески - тел/факс 3118-038 и 071 229-301

USAID FROM THE AMERICAN PEOPLE
JUDICIAL STRENGTHENING PROJECT

Оваа брошура е издадена со помош на Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД).
Ставовите искажани во брошурата не ги изразуваат ставовите на УСАИД или Владата на Соединетите Американски Држави